„Ние милуваме да кажеме дека нашето општество е инертно, дека споро реагира на се што се случува. Но, мислам дека **кумулираната енергија низ годините наназад се слеа и се обедини со граѓанските организации и се случи Шарената револуција**. Тоа верувам дека беше демократска трансформација на општеството, бидејќи конечно беше видливо колкави се просторот, енергијата и широчината на сето она што како порака луѓето го дадоа", рече **Наташа Габер Дамјановска** во својот воведен говор за време на **Националниот форум „Ние, двигателите на промени**, кој се одржа на 1 декември 2018 година.



Околу 180 граѓани и активисти учествуваа во интерактивната дебата дискутирајќи за улогата на граѓанското општество, промените во изминативе четири години, поларизацијата, довербата во организациите и за можните решенија за надминување на предизвиците.

**Ели Чакар**, советник на Министерството за локална самоуправа, во фокусот ги стави промените кои се случија изминатиов период како **: воспоставувањето на Советот за соработка на Владата со граѓанските организации, новата Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор, како и иницијативата Отворено владино партнерство**. Таа напомена и дека следниот голем предизвик ќе биде **концептот „Едно општество за сите“,** чии подготовки се во тек.

За релацијата меѓу организациите и бизнис секторот говереше **Искра Тикваровска Казанџиева**, која повеќе од 11 години работи на општествената одговорност на ЕВН. Таа истакна дека **во моментов граѓанскиот сектор не е доволно признаен од бизнис заедницата**, а таа пак недоволно го искористува тоа што граѓанскиот сектор има да го даде. „Кога ќе ги прашате компаниите во доменот на општествената одговорност каде најмногу доделуваат финансиски средства, предничат верските заедници, спортските организации, спортските клубови и сл. Граѓанските организации се на едно од последните места“, рече таа.


FORUMI I GRUAS
ЖЕНСКИ ФОРУМ
WOMEN'S FORUM
empowering women
HOLISTIC ACTION AGAINST TORTURE
trashëgimi im e drejta ime

